Студиска програма: **МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ**

Времетраење на студиската програма: **4 години**

ЕКТС кредити: **240**

## Цели на студиската програма

Една од основните цели на програмата за додипломски студии по маркетинг менаџмент е да им понуди на кандидатите програма која би едуцирала интегрален, меѓународно признаен профил – дипломиран економист, со што би се понудила висококвалификувана работна сила со широки познавања од теоријата и алатките неопходни за водење бизнис во денешната дигитализирана економија. Ова претставува и чекор напред кон олеснувањето на процесот на признавање на дипломите во меѓународни рамки, што е во согласност со определбите на Болоњскиот процес.

Организирањето на програма за додипломски студии од областа на маркетинг менаџментот на Економскиот факултет во Прилеп, се наметнува како логична последица на определбата на оваа високообразовна институција за следење на динамиката на промените во глобалниот амбиент, прилагодување кон потребите и барањата на пазарот на кадри, и настојувањето да се оди чекор напред во овој процес – да се креираат и водат клучните процеси во високото образование, потврдувајќи ја со тоа улогата на институција - лидер во рамките на матичниот универзитет.

## Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)

### знаења и разбирање

- разбирање на основните постулати на современиот маркетинг и нивната примена во менаџерската практика
- основни знаења за компонентите на маркетинг миксот -производите/услугите, каналите на дистрибуција, цените, промоцијата
- разбирање на важноста на анализата на потрошувачите, идентификација на нивните потреби и мотиви, т.е. форми на однесување и инкорпорирање на тие информации во маркетинг стратегиите
- разбирање на процесот на формулирање и имплементација на маркетинг стратегии и супстратегии;

**примена на знаењето и разбирањето**

- самостојна анализа и и интерпретација на информациите во процесот на донесување одлуки од областа на маркетингот и менаџментот
- идентификување на потребите на потрошувачите и дизајнирање соодветни маркетинг стратегии
- дизајнирање и имплементација на стратегии и супстратегии на маркетинг миксот, соодветни на конкретен бизнис амбиент;

**способност за проценка**

- способност за проценка на влијанието на релевантните интерни и екстерни фактори при донесувањето маркетинг одлуки
- способност за примена на квалитативни и квантитативни методи во менаџерското одлучување

**комуникациски вештини**

- вештини на комуникација со целните групи
- вештини на преговарање и функционално справување со конфликти;

**вештини на учење**

- развива критичко мислење
- развива стратегиско размислување
- синтетизира информации и извлекува заклучоци.

**Листа на предмети**

**Семестар 1**

*Основи на економијата (8 ЕКТС)*

Изучувањето на овој предмет овозможува стекнување на современи и квалитетни знаења за основните економски категории и законитости за функционирањето на економијата преку проучување на основите на микроекономијата и макроекономијата.

*Сметководство (8 ЕКТС)*

Изучувањто на овој предмет овозможува запознавање на студентите со основните задачи на сметководството, книжење на сметководствени настани поврзани со сите класи, известување за деловните активности и подготвување на финансиските извештаи

*Бизнис информатика (7 ЕКТС)*

Изучувањето на овој предмет овозможува запознавање на студентите со новите информациски технлогии како и стекнување практични знаења за користење на графички оперативни системи, уредувачи на текст, програми за табелирање и користење на интернет сервиси. Во предметот студентите добиваат основни знаења од хардвер, софтвер, податоци и информации во претпријатијата, телекомуникации и мрежи, интернет и интранет и e-commerce. Предметот обезбедува предзнаења и за предмтите кои следат во повисоките години.

*Деловен странски јазик 1 (6 ЕКТС)*

*Деловен англиски јазик 1 (6 ЕКТС)*

Изучувањето на овој предмет овозможува стекнување знаења и усовршување на јазичните и комуникациските вештини и способности на студентите од областа на деловниот англиски јазик. Покрај развивањето на четирите јазични способности (читање, пишување, слушање и зборување) студентите, преку основните економски концепти, т.е. преку употребата на автентични материјали од магазинот The Economist, значително ќе го збогатат вокабуларот од областа на економијата. Дополнително, со разгледување, дискутирање и решавање дилеми со коишто се соочиле одделни реални компании, студентите практично ќе се воведат во светот на економијата и особено ќе ги подобрат своите способности за донесување одлуки.

*Деловен француски јазик 1 (6 ЕКТС)*

Изучувањето на овој предмет овозможува стекнување на почетни знаења од францускиот јазик од економската област и негово континуирано изучување на јазикот во следните насоки: јазични цели, граматика, изучување на француската култура преку споредби со македонската култура и цивилизација и професионални цели.

*Деловен германски јазик 1 (6 ЕКТС)*

Целта на овој предмет се јазични, интеркултурни и клучни компетенции за комуникација со деловни партнери од германско говорно подрачје.

**Семестар 2**

*Математика за економисти (7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е студентите да стекнат знаења од областа на математиката со цел совладување на математичките вештини обезбедувајќи им знаења за примената на математиката во проблеми што припаѓаат во различни области. Овој предмет ќе понуди солидна основа за изучување на останатите предмети кои се базираат на математиката, а исто така и нејзина примена во пракса

*Вовед во бизнис (8 ЕКТС)* (Доц. д-р Моника Ангелоска-Дичовска)

Целта на овој предмет е запознавање на студентите со улогата и значењето на бизнисот и неговите релации со окружувањето. Разбирање на економските принципи на работење. Практицирање и совладување на постапката за основање и започнување на бизнис и изборот на најсоодветен тип на сопственост. Совладување на техниките и методите за креативност и идетификување на можностите за започнување или развивање на бизнис. Запознавање на можните извори на финансирање и спознавање на постапката за подготовка на бизнис план. Оспособување за правење на основни економски анализи, анализа на пазарот и сл. Во услови на глобализација и брз развој на ИКТ и интернетот, како да се реагира на окружувањето и да се применат нови бизнис методи. Разбирање на концептот на корпоративна општествена одговорност и создавање корпоративна клима и етика за долгорочен развој и позитивна репутација во средина каде се функционира и пошироко.

*Вовед во бизнис (8 ЕКТС)* (Проф. д-р Оливера Костоска)

Овој предмет нуди преглед на основните концепти, принципи и практики на современиот бизнис. Тој им овозможува на студентите да го истражат севкупниот спектар на бизнисот, го објаснува контекстот во кој функционира еден бизнис и обезбедува преглед на бизнис функциите и процесите. По завршувањето, студентите ќе се стекнат со бизнис вокабуларот којшто им е доволен да стекнат успешна специјализација, како и да станат успешни деловни луѓе.

*Изборни предмети (се избораат **два предмети од листата**) (7 ЕКТС)*

*Деловен англиски јазик 2(7 ЕКТС)*

Целта на напредниот курс по деловен англиски јазик е продлабочување на вештините и способностите стекнати со почетниот деловен англиски јазик. Покрај развивањето на четирите јазични способности (читање, пишување, слушање и зборување), студентите преку основни економски концепти а преку употреба на

автентични материјали од магазинот The Economist, значително ќе го збогатат вокабуларот од областа на економијата. Притоа, ќе биде обработена дополнителна терминологија од областа на економијата и посебен акцент ќе биде ставен на писмената деловна комуникација.

*Деловен француски јазик 2(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е продлабочување на знаењата по францускиот јазик во економската област и континуирано изучување на јазикот во насоките зацртани во првиот семестар: јазични цели, граматика, изучување на француската култура преку споредби со македонската култура и цивилизација и професионални цели.

*Деловен германски јазик 2(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е постигнување јазични, интеркултурни и клучни компетенции за презентација.

*Трговско право(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавање на студентите со системот на основање, регистрација и управување со трговските друштва, нивните форми и одговорности, ликвидација и стечај на трговското друштво, значењето и улогата на трговските договори во прометот, основни напомени за хартиите од вредност, правата од индустриска сопственост и стварните права.

*Социологија(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е да овозможи студентите да се запознаат со суштината на основните поими, концепти и методолошки пристапи, неопходни за анализа на општествениот живот, односно да создаде теоретски претпоставки спецификите на економските проблеми да можат да бидат согледани и анализирани во рамките на целокупниот општествен амбиент.

Истовремено, треба да антиципира процеси коишто ќе стимулираат и развиваат креативно и критичко мислење кај студентите, што би било во функција на формирање автентичен поглед на светот, втемелен врз хуманистичките начела и принципи, препознатливи за досегашниот цивилизациски развој.

*Економија на труд(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е да ги запознае студентите со основните концепти на економијата на труд како наука за функционирањето на пазарот на труд. Поконкретно, преку овој курс студентите ќе стекнат основни познавања за однесувањето на работодавачите и работниците во поглед на фромулирање на платите, цените, профитот и други нематеријални аспекти на работниот однос како што се работните услови. При тоа, од аспект на позитивната економија ќе бидат користени економски анализи со цел да се објасни однесувањето на актерите на

пазарот на труд, додека од аспект на нормативната економија ќе бидат третирани одредени прашања сврзани за политиките на пазарот на труд.

**Семестар 3**

*Маркетинг(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е стекнување на основни знаења за маркетингот како нова бизнис филозофија. Денес, маркетингот е многу повеќе од деловна функција и се прифаќа како нова бизнис филозофија. Притоа, се работи за целокупното делување набљудувано низ призмата на неговиот краен резултат - задоволството на потрошувачот. Според тоа, маркетингот, е деловна филозофија за создавање лојални потрошувачи. Динамичниот развој на околината, силната конкуренција, потрошувачите кои што се се повеќе информирани и пребирливи, како и одржлииот развој, создаваат предизвик за маркетингот да ги исполни барањата на потрошувачите, компанијата и општеството, во целост.

*Менаџмент (7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е да им понуди на студентите сеопфатен пристап кон ефективниот менаџмент, и тоа како теоретски, во поглед на презентирање на современите менаџмент концепти, така и во апликативна смисла, преку разработка на бројни студии на случаи во рамките на предавањата, реализирање на индивидуални и тимски проекти, вклучување на предавачи од практиката на менаџментот и сл.
На ова ниво се очекува студентите да се стекнат со основни знаења и вештини од областа на менаџментот, поконкретно, да се запознаат со главните менаџерски задачи - планирањето, организирањето, контролата и лидерството, како и останатите аспекти на менаџментот во контекст на современата менаџерска економија.

Клучните компетенции кои студентите ги стекнуваат во рамките на овој предмет им овозможуваат да се способни да донесуваат квалитетни менаџерски одлуки по вработувањето, како во бизнис секторот, така и во непрофитниот сектор, во државните институции, невладиниот сектор, или, воопшто, во сите сфери на современото општество.
Методи на настава: интерактивна презентација, разработка на студии на случаи, дискусија, реализација на тимски проектни задачи, играње на улоги, форуми и сл.

*Изборни предмети (се избораат **два предмети од листата**) (7 ЕКТС)*

*Бази на податоци(7 ЕКТС)*

Предметната програма има за цел да ги запознае студентите со основите на архитектурата на базите на податоци, системите за управување со бази на податоци (СУБП) и современите бази на податоци, како и принципите и методологијата за дизајнирање и употреба на релациски бази на податоци во Microsoft SQL Server со SQL скрипти.

*Економија на Европска Унија(7 ЕКТС)*

Овој предмет има за цел да ги запознае студентите со главните економски аспекти на тековните развојни процеси на Европската Унија (ЕУ) и широкиот спектар на области на политиката. Предметот претставува комбинација на теоријата, дескриптивните инфорамации и емпириската анализа. Главниот акцент е ставен на економските прашања, но тие се анализирани во нивниот институционален, политички и историски контекст. Овој предмет е релевантен водич за оние студенти коишто се заинтересирани за економијата на Европската Унија, но и за креаторите на политиката коишто сакаат да дознаат нешто повеќе за алтернативите и можностите понудени од страна на овој динамичен економски простор.

*Управување со промени (7 ЕКТС)*

Основата на програмата е стекнување на знаења и компетенции од областа на адаптабилноста и адаптивноста – односно како да се управува со промените (во случаите кога е тоа возможно, при менаџирање на компании, проекти и сл.) и како да се адаптира на промените (во случаи кога се зададена големина на која не може да се влијае, а неопходно е да се адаптира). Исто така, студентите ќе изучат низ проектна задача еден конкретен метод за управување со промени во областа на тактички менаџмент – методот базиран на менаџерската рамка Sense&Respond и Sense-Interpret-Decide-Act Loop.

*Меѓународни односи(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавање и проучување на основните карактеристики и законитости на меѓународните односи и функционинирањето на меѓународната заедница, и стекнување на квалитетни и употребливи знаења на студентите на Економскиот факултет - Прилеп преку примената на политекономскиот пристап во истражувањето и анализата на меѓународните односи и во тој контекст на процесите на глобализација на светската политика и економија.

*Пари и банкарство(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е преку предавања, вежби, дискусии и консултации, студентите да се запознаат со монетарните агрегати, функциите и теориите за парите, како и со целите, задачите и инструментите на монетарната политика. Банките претставуваат основни институции преку кои се врши трансмисија на монетарната политика. Од тој аспект се изучуваат функциите на банките, нивната организација и регулација, финансиските извештаи и основните банкарски активности. На тој начин, студентите треба да се стекнат со знаења кои ќе им овозможат самостојно да ја анализираат улогата и функциите на банките во финансискиот систем.

*Финансиско сметководство(7 ЕКТС)*

Финансиското сметководство обезбедува глобални податоци од финансиски карактер што се однесуваат на претпријатието како целина. Ова сметководство пред се е екстерно ориентирано, како во поглед на опфаќањето, така и во поглед на информативното комуницирање што е негова прмарна функција. Негова основна задача е да обезбедува информации за финансиската состојба, ликвидноста и заработувачките способности на претпријатието за донесување одлуки за екстерни корисници. Негова интерна употреба е изготвувањето на финансиските извештаи.

**Семестар 4**

*Статистика за економисти (8 ЕКТС)*

Целта на предметот е едукација за основните методи и техники на статистичката анализа и статистичко заклучување, како од теоретски така и од практичен аспект и нивна имплементација во статистичките истражувања на економските појави и процеси, со соодветна софтверска подршка, како основа за квалитетно и ефикасно деловно одлучување.

*Маркетинг менаџмент (8 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е стекнување знаења за сите маркетинг стратегии што треба да ги имплементираат маркетинг менаџерите за компанијата да ги постигне нејзините цели.

*Стратегиски менаџмент (8 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е да ги оспособи студентите за:

- да ги разберат теориите и концептите за стратегиски менаџмент;
- да го совладаат терминологијата на стратегискиот менаџмент;
- да ги интегрираат добиените знаења од одделните функциски менаџменти;
- да развијат аналитички и комуникациски способности, како и способности за тимска работа;

*Слободен изборен предмет (се избира **еден предмет** од листата изборни предмети на Универзитетот што се објавени на web страната на Универ.) (6 ЕКТС)*

**Семестар 5**

*Бизнис логистика и менаџмент на снабдувачки синџири (7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавање на студентите со еден интегриран, системски приод кон управувањето со активностите поврзани со физичкото движење на суровините, материјалите и готовите производи, од местото на наоѓање до местото на употреба или потрошувачка.

*Маркетинг истражување (7 ЕКТС)*

Целта на предметната програма е да им помогне на студентите да ја разберат суштината на маркетинг истражувањето од аспект на потеребите на маркетинг менаџментот како и да го согледаат значењето на професијата маркетинг истражувач и можностите за вработување во таа област. Исто така по овој предмет студентите ќе имаат можност да ја совладаат суштината на методологијата на научно истражување, но и да ги совладаат основните методи за собирање примарни податоци

*Изборни предмети (се избораат* ***два предмети од листата)*** *(7 ЕКТС)*

*Банкарско сметководство (7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавање на студентите со специфичностите на банкарското сметководство. Имено, банкарските институции имаат значајна улога за одржување на довербата во монетарниот систем, а истовремено се многу витален и влијателен фактор за економскиот раст и развој на националната економија. Поаѓајќи од претходното, постојат голем број заинтересирани субјекти за нивното работење, а потребните информации се прикажани во нивните финансиски извештаи. Точно од тие причини, целта на овој предмет е да се обработат карактеристиките на банкарското сметководство, како и инструментите на меѓународниот и домашниот платен промет, со посебен акцент на нивните видови и специфичности.

*Интернет технологии (7 ЕКТС)*

Во првиот дел, предметната програма има за цел да ги покрие основите на инфраструктурните компоненти на Интернетот, да ја објасни севкупната Интернет архитектура, ISO OSI референтниот модел, TCP/IP множеството комуникациски протоколи, и да ги адресира најважните функции на секој TCP/IP слој во мрежната архитектура.

Во вториот дел, предметната програма има за цел да ги запознае студентите со TCP/IP апликацискиот слој, и неговите основни апликации (e-Mail, Telnet, FTP, VoIP, IPTV, WWW, итн.). Се објаснува суштината на Web 2.0 парадигмата, Семантичкиот Web, современите Интернет технологии, а се елаборираат и основните безбедносни аспекти кај Интернетот. Лабораториските вежби имаат за цел да ги запознаат студентите со основите на HTML 5 и CSS 3 технологиите.

*Меѓународни сметководствени стандарди (7 ЕКТС)*

Основна цел на овој предмет е да ги оспособи студентите на прв циклус на студии за реализација на комплексни научни истражувања и анализи од областа на меѓународните сметководствени стандарди и меѓунадорните стандарди за финансиско известување, преку примена на стандардни научно – истражувачки методи и синтетизирање на знаења и искуства од оваа област.
Студентите ќе се оспособат да идентификуваат проблеми од областа на меѓународните сметководствени стандарди и меѓунадорните стандарди за финансиско известување.
Знаењата и вештините стекнати во рамките на овој предмет,пред сѐ, ќе бидат применливи во реализацијата на научни истражувања и анализи, истражувачки проекти, но и во процесот на донесување на комплексни сметководствени одлуки во практиката.

*Електронски бизнис (7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со теоретските и апликативните компонети поврзани со електронскиот бизнис и електронската трговија како нејзин составен дел. Исто така неопходно е студентите да ги разликуваат и применуваат различните концепти на електронски бизнис и да ги апсолвираат концептите на електронски маркетинг. Во рамките на овој предмет студентите ќе ги запознаат предностите, недостатоците и можностите на електронското бакарство и електронските системи за плаќање како и со безбедносната и особено правната регулатива поврзана со проблематиката на електронскиот бизнис и електронската трговија.

*Ревизија(7 ЕКТС)*

Основна цел на овој предмет е да ги оспособи студентите на прв циклус на студии за реализација на комплексни научни истражувања и анализи од областа наревизијата на финансиските извештаи, преку примена на стандардни научно – истражувачки методи и синтетизирање на знаења и искуства од оваа област.
Студентите ќе се оспособат да идентификуваат проблеми од областа на ревизијата на финансиските извештаи.
Знаењата и вештините стекнати во рамките на овој предмет,пред сѐ, ќе бидат применливи во реализацијата на научни истражувања и анализи, истражувачки проекти, но и во процесот на донесување на комплексни сметководствени одлуки во практиката.

*Теорија и политика на економски развој(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавење со проблематиката поврзана со економкиот развој околу дефинирањето на економкиот развој, основните и помошните цели и

детерминанти на економкиот развој, влијанието на посебните фактори капиталот, населението и техничкиот прогрес, запознавање со суштината на различните теоретски пристапи и модели на процесите на економкиот развој како и осознавање на можните стратегии за поставување и насочување на економкиот развој.

*Трошоци и цени(7 ЕКТС)*

Целта на оваа предметна програма е да им овозможи на студентите да се стекнат со современи знаења за зголемување на ефикасноста и ефективноста на компаниите, за зголемување на профитабилноста, за креирањето на ценовните стратегии, за продукцијата, цените и профитот во одделни пазарни структури

**Семестар 6**

*Бренд менаџмент (6 ЕКТС)*

Содржината на овој предмет е димензионирана така што ги опфаќа двете клучни перспективи на бренд менаџментот – перспективата на компаниите, и перспективата на потрошувачите. Посебно внимание, освен на функционалните и емоционалните аспекти на брендовите, се посветува и на финансиско-сметководствените импликации од брендирањето за компаниите, и современите предизвици со кои што менаџерите се соочуваат во овој контекст, на глобално ниво.

Во рамките на овој предмет студентите стекнуваат знаења и вештини поврзани со бренд-менаџментот, и тоа како во врска со брендирањето на производи и услуги, така и на корпоративните брендови. Тие ќе бидат оспособени да вршат детални анализи во контекст на градењето на силен бренд, и да ги инкорпорираат информациите поврзани со целните потрошувачи во бренд-стратегијата на организациите.

Тие ќе бидат компетентни да донесуваат квалитетни менаџерски одлуки во овој контекст, на сите менаџерски нивоа, и ќе бидат оспособени преку градењето на силни брендови да придонесат за градење на долгорочна одржлива конкурентност на организациите не само во локални, туку и во глобални рамки.

*Иновациски менаџмент(6 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавање на студентите со основите на иновацискиот менаџмент и видовите на иновации. Преку практицирање на техники и методи за кретивно генерирање на идеи поттикнување на креативноста и развивање на вештини за креативно извршување на работни задачи. Оспособување на студентите за создавање на иновативна клима во организацијата. Согледување и практицирање на можностите за создавање мрежи на иновации односно глобално вмрежување. Оспособување на студентите во правење на економски анализи, анализа и идентификување на можности и организациска подготвеност. Развивање на вештини за изработка на иновациски проект. Исто така предметната програма ќе овозможи студентите да се подготват за формирање и примена на современи стратегии за развој на нов производ/услуга и отворени модели на

иновации, а притоа со осознавање на правата на интелектуална сопственост, како и примена на ИТ за развој на иновации.

*Изборни предмети (се избораат **два предмети од листата**) (6 ЕКТС)*

*Оптимизација на бизнис процеси (6 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е сознавање на економските проблеми преку моделите опфатени во предметот. Изграден пристап кон решавање на проблемите. Квантитативна и квалитативна анализа на добиените резултати. Презентација и документирање на моделот. Користење на софтвер за решавање на проблемите. Интерпретација на реални економски проблеми преку математички модели. Математичко моделирање на целна функција и оптимизирање на моделот според неа. Стекнатите знаења студентите ќе бидат во можност да ги применуваат понатаму во компјутерска симулација, менаџмент информациони системи, деловна анализа, банкарски менаџмент, моделирање на економските појави и процеси, финансиски менаџмент, маркетинг и услужни дејности, меѓународни финансии.

*Претприемништво и мали бизниси (6 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е стекнување на теоретски знаења за местото и улогата на претприемништвото во современите претприемнички економии и практични вештини кои ќе им овозможат да водат сопствен мал бизнис.

*Економетрија (6 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е да ги оспособи студентите за користење на современите економетриски методи во анализата на актуелните економски феномени. При изучувањето на предметот акцент би се поставил на поврзаноста помеѓу економската теорија, математичката економија, економската и математичката статистика во функција на правилно поставување на хипотези, нивно тестирање и извлекување на соодветни заклучоци. За решавање на практичните примери би се користеле современи софтверски алатки и истите целосно би се искористиле за поткрепување на теоретски воспоставената методологија.

*Монетарна економија(6 ЕКТС)*

Основната цел на предметот монетарна економија е студентите да се запознаат со теоретските и практичните аспекти на парите и монетарната политика со нејзините цели и инструменти и институциите на монетарниот систем во националната економија.

*Принципи и организација на сметководство(6 ЕКТС)*

Во организациона смисла, сметководството претставува дел од единствената организација на претпријатијата. Специфичната функција со која сметководството

се одликува условила и специфичен начин на организирање на сметководствениот процес, односно на сметководствената постапка, поделбата на трудот, користење на средствата и формите на организацијата. Стручниот и научниот третман на поодделните прашања од сметководствената проблематика придонесле со време да се изградат повеќе принципи и правила за водење на сметководствената евиденција. Применувањето на овие принципи и правила овозможува навремено, точно и рационално извршување и користење на резултатите на сметководствената функција.

*Финансиска теорија и политика (6 ЕКТС)*

Овој предмет има за цел преку предавања, вежби, дискусии и консултации, студентите да се запознаат со јавните финансии како инструмент што треба да овозможи оптимум во извршувањето на јавните функции. Посебно ќе бидат проучувани јавните расходи, јавните приходи, буџетот и карактеристиките на фискалниот систем на Република Македонија со сите специфичности дефинирани во актуелната законска регулатива.

*Финансиска и актуарска математика(6 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е студентите да стекнат знаења од областа на финансиската и актуарската математика и нејзината примена во пракса. Во делот од финансиската математика, студентите посебно ќе добијат познавање од примената на процентната, интересната стапка и сложениот интерес, кои наоѓаат примена не само во различни области на работење, туку и во секојдневниот живот. Од делот кој се однесува на актуарската математика студентите ќе се запознаат со различните видови осигурувања на живот и имот, кое ќе му овозможи едукација за различни аспекти на осигурувањето. Исто така предавањата по овој предмет имаат за цел обучување на студентите за примена на компјутерите во пресметувањето на финансиските и актуарките трансакции во банки, трговски друштва, осигурителни компании и други финансиски институции

*Слободен изборен предмет (се избира* ***еден предмет*** *од листата изборни предмети на Универзитетот што се објавени на web страната на Универ.) (6 ЕКТС)*

**Семестар 7**

*Маркетинг на услужни дејности(7 ЕКТС)*

Општествениот и стопанскиот развој доведува до експанзија на услужните дејности па така услугата станува фактор за конкурентска предност на пазарот. Примената на маркетинг концептот во услужните дејности подразбира потреба од стекнување знаења за специфичностите на маркетинг на услугите.

Цел на предметот е да им овозможи на студентите да стекнат знаење како успешно да го применат маркетинг концептот и како да управуваат со маркетингот во услужните дејности во услови на нова економија и глобален пазар.

*Деловно комуницирање(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е да се разбере суштината и значењето на деловното комуницирање како и да се идентификуваат клучните комуникациски вештини. Овој предмет ќе им овозможи на студентите да ги совладаат вештините за ефективна усна и писмена комуникација како и клучните вештини за работа и комуникација со клиенти. Исто така, студентите ќе се оспособат за комуникација при работа во групи но и да ја разберат поврзаноста помеѓу бизнис етиката, корпорациската општествена одговорност и менаџментот на човечки ресурси.

*Изборни предмети (се избораат* ***два предмети од листата****) (7 ЕКТС)*

*Меѓународна економија (7 ЕКТС)*

Целта на предметот е студентите да стекнат знаења што ќе им овозможат да спроведуваат економски анализи и да вршат евалуација на процесите во меѓународната економија. Предметната програма овозможува студентите да се запознаат со теориите, политиките и процесите во меѓународната економија. Во овој контекст, предметот е фокусиран кон проучување на промените во областа на меѓународната трговија, меѓународните финансии, меѓународното движење на капиталот и процесите на регионализација во глобалната економија.

*Производствен и оперативен менаџмент (7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавање на студентите со улогата која ја има производството, управувањето со производството и создавањето на нови вредности. Да стекнат вештини преку кои ќе се развиваат и ќе се пронајдат можности за намалување на трошоците преку ефективно и флексибилно производство, оптимизација на производните процеси, како и раст на приходите и вкупните деловни резултати.

*ERP системи(7 ЕКТС)*

Цели на предметната програма е аквизиција на знаење за суштината на автоматизацијата и оптимизацијата на деловните процеси (финасии, производство, логистика, човекови ресурси ) неопходни за постигнување на деловните цели. Исто така, студентите би се здобиле со соодветни компетенции и академски вештини за дефинирани области на управување, ERP системи и операциониот менаџмент во целина. Студентите ќе имаат можност да стекнат знаење за интегралниот приод во планирањето на ресурсите на производно услужните компании, стекнување на компетенции за примена на современи ERP системи во анализата и управувањето со деловните процеси во ите функции на комапниите, акко и интеграција со другите системи во компаниите.

*Инвестициски менаџмент(7 ЕКТС)*

Целта на претметот е стекнување на знаење и да се оспособат студентите за одлучување при изборот на инвестициските проекти и донесување на инвестициска одлука врз основа на инвестициските критериуми и проектниот пристап во управувањето со инвестициските потфати во трговските друштва, како од областа на менаџирањето со реалната, а исто така и со менаџирањето на финансиската актива.

*Меѓународно стопанско право(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавање со основните категории што го сочинуваат меѓународното стопанско право, неговото појавување и одвојување во посебна гранка, видови субјекти на меѓунариодната трговска размена и меѓународни трговски договори, меѓународен стечај и меѓународна арбитража.

*Компјутерско програмирање (7 ЕКТС)*

Цел на предметот е запознавање на студентите со основните елементи од компјутерско програмирање. Студентите научуваат да работат со променливи, контроли, циклуси, временски тригери, алгоритми, форми, основни елементи од објектно ориjентирано програмирање, колекции, користење на текстуални фајлови, користење на печатачи во Microsoft Visual Basic. Исто така студентите го изучуваат комплетниот процес на програмирање: кодирање, тестирање, откривање на грешки и одржување на изворниот код.

*Практикум за менаџерско сметководство(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавање на студентите со карактеристиките на менаџерското сметководство и неговото значење за управувачкиот процес

**Семестар 8**

*Однесување на потрошувачите(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е да се потенцира улогата на потрошувачот во современите организации, т.е нивната улога при реализацијата на маркетинг активностите за

организациите. Запознавањето со процесот на одлучување при купување, како и запознавање со сите фактори кои го причинуваат таквото однесување, исто така и со мерките за заштита на потрошувачите ќе бидат цел на изучување.

*Финансиски менаџмент (7 ЕКТС)*

Знаењата што студентите ќе ги добијат на овој предмет преку предавања и вежби ќе им овозможат да бидат успешни финансиски менаџери, односно да бидат координатори на финансиските работи, креатори на финансиската политика и финансиските одлуки и извршители на конкретни финансиски активност. Предметната програма нуди широк спектар на содржини како што се: финансиска ситуација, финансиска функција, финансиска политика, менаџирање со обртните средства, финансиско планирање, финансиска анализа и сл. Преку претходно споменатите содржини на финансискиот менаџмент, студентите-идни менаџери ќе можат да ја проценат рационалноста на одлуките за инвестирање, финансирање и распределба на финансискиот резултат на компаниите.

*Изборни предмети (се избораат **еден предмет од листата**) (7 ЕКТС)*

*Клауд компјутинг(7 ЕКТС)*

Цели на предметната програма е студентите да се запознаат со основните концепти на cloud computing. Исто така, по овој предмет цел на проучување се основните модели на cloud computing, како што се Инфраструктура како услуга (IaaS), Платформа како услуга (PaaS) и Софтвер како услуга (SaaS). Покрај со нив студентите ќе се запознааат и основните поставки на Јавен, Приватен и Хибриден Cloud computing. Студентите ќе се запознаат со концептот на имплементација на cloud computing решенијата во компаниите, но и ќе научат да инсталираат и да користат различни типови cloud софтверски решенија и да ги знаат безбедносните апекти на користењето cloud computing услугите.

*Меѓународни финансии(7 ЕКТС)*

Целта на предметот е преку предавања, вежби, дискусии и консултации, студентите да се запознаат со концептот на платниот биланс, девизните курсеви, меѓународниот монетарен систем, меѓународните финансиски и кредитни институции и меѓународните текови на движење на капиталот.

*Менаџмент на човечки ресурси(7 ЕКТС)*

Менаџментот на човечките ресурси претставува област на истражување и организирање на знаењето насочено кон разбирање, предвидување, менување и развој на човековите потенцијали(ресурси) и нивното однесување во социјалните институции, односно работни организации.

Во тој контекст посебно внимание се посветува на откривање и создавање темелни претпоставки, концепти, стратегии, политики, начела, модели и методи за успешно управување и развивање на човечките ресурси во организацијата.

*Проектен менаџмент (7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е студентите да ги научот концептите – проект и проектен менаџмент како и да ги знаат основните групи процеси во проектниот менаџмент. Исто така  студентите мораат да знаат која е улогата на проектниот менаџер, да знаат да менаџираат со обемот, времето, трошоците, комуникацијата, квалитот и ризиците на проектите, како и да знаат да употребуваат ИКТ алатки во менаџирањето со проекти

*Моделирање на бизнис процеси(7 ЕКТС)*

Овој предмет има за цел студентите да се запознаат со можностите што ги даваат алатките од EXCEL, изработка на кориснички листи од наменски серии на податоци, користење инжинериски, текстуални и информатички функции и нивна практична примена при моделирањето на бизнис процесите.

*Меѓународен маркетинг(7 ЕКТС)*

Целта на овој предмет е запознавање со маркетингот во меѓународни рамки, давајќи голем простор на современото меѓународно економско окружување, факторите и димензиите на меѓународното маркетинг окружување, како концепциска премиса на маркетинг филозофијата.

*Слободен изборен предмет (се избира **еден предмет** од листата изборни предмети на Универзитетот што се објавени на web страната на Универ.) (6 ЕКТС)*